СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**46 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТА) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 28.VII.1992г.**

ДИСКУТАНТИ: дневниот ред се наоѓа на стр.31 и 63


| | |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 6, 7 |
| 3. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | 7, 12, 52 |
| 4. БРАНКО АРСОВСКИ | 15, 24 |
| 5. ЕШТРЕФ АЛИУ | 40 |
| 6. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ | 43, 45, 46, 51 |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | 57, 58 |
| 8. ФАИК АБДИ | 58 |
| 9. ВЛАДИМИРР ГОЛУБОВСКИ | 38 |
| 10. РАТКА ДИМИТРОВА | 33 |
| 11. ДОСТА ДИМОВСКА | 36 |
| 12, БОРИС ЃОРЧЕВСКИ | 49 |
| 13. БЕЌИР ЖУТА | 20, 46, 58 |
| 14.СИМЕОН ИВАНОВСКИ | 18, 23, 24, 26 |
| 15. РИСТО ЈОВАНОВ | 59 |
| 16. ПЕРКО КОЛЕВСКИ | 8 |
| 17. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 61 |
| 18. АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ | 56 |
| 19. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | 50 |
| 20. ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ | 56 |
| 21. ЉУПЧО ПОПОВСКИ | 59 |
| 22. ТОДОР ПЕТРОВ | 60 |
| 23. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 26 |
| 24. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 39 |
| 25. НЕИМ СЕЛМАНИ | 43 |
| 26. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | 52 |
| 27. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 35 |
| 28. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | 6, 13 |
| 29. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 4, 10 |
| 30. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | 14 |
| 31. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ | 30 |
| 32. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ | 53 |
| 33. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | 9, 11, 13 |
| 34. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | 47 |


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јули 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јаким Ивановски, Иван Иванов, Димитар Поповски, Зоран Крстевски, Флоре Масалковски, Благој Ханџиски, Борис Змејковски Душко Арсовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 42-та и 45-тата седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Да не некој од пратениците има забелешки на пратениците?

(нема)

Констатирам дека записниците од 32-та и 45-тата седница се усвоени без забелешки.

За денешната седница поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

I/2 пј/вц

Молам претставници на Владата да бидат повикани да присуствуваат на седницата.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (се согласуваат).

Комисијата за земјоделство, шумарство ја разгледа и ја поддржа информацијата за пласманот на земјоделското производство со посебен акцент на раноградинарското производство, состојба од 1.1. до 20.06.1992 година. Заедно со дополнувањето на состојбата до 10 јули 1992 година им предлага на Собранието да ја симне од дневниот ред од седницата, а истата да послужи за информирање на пратениците и како одговор на пратеникот односно на прашањето на пратеникот Тодосие Паунов.

Со предлогот на Комисијата се согласи пратеникот Паунов на чии предлог е изготвена оваа информација.

Истовремено Комисијата му предлага на Собранието забрза постапката за донесување на системските закони од област што се во процедура во Собранието, Закон за води, за шуми и закон за рибарство.

Кој е за предлогот на Комисијата за земјоделство молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве известувам дека сојузот на студентите на Македонија достави барање за одлагање на расправата по Информацијата за состојбите во студентскиот стандард поради годишните одмори и отсуството на повеќето заинтересирани за заинтересираните субјекти.

Комисијата за образование, наука и култура и Комисијата за труд и социјална политика го поддржа барањето на Сојузот на студентите на Македонија.

За поддршката на комисиите е консултиран пратеникот Стоиле Стојков кој предлагаше по оваа информација да расправа Собранието.

Дали Собранието се согласува на оваа седница да не расправа по Информацијата. (се согласува).

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ја разгледа информацијата за интересот на Република Македонија за зачленуваше и соработка во Советот на Европа и ја утврди потребата расправата по материјалот да заврши во Комисијата со оглед на тоа што во информацијата се презентирани првични согледувања за зачленување на соработка на Република Македонија во Советот на Европа.

Имајќи го предвид и предлогот на предлагачот комисијата смета дека по оваа информација не треба да расправа Собранието туку со нејзината содржина пратениците да бидат само запознати.

Кој е за предлогот на комисијата, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Пратеникот Никола Стојановски предлага да се одложат предлогот на одлуката за основање на заводи за здравствена заштита, Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово. Меѓу друго и поради претстојнит избор на новата влада на која е потребно да и се даде можност да ја преиспита уште еднаш потребата на новата

организациона поставеност на заводите за здравствена заштита.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

Пред да гласаме господинот Душко Трпчевски, претседател на Комисијата за здравство сака нешто да каже.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и колеги, комисијата за здравство на денешната седница ги разгледа пристигнатите барања имено, од пратеникот Никола Стојановски во врска со одлагање на предлог - одлуката за основање на заводи во Република Македонија.

Второ, предлогот на Законодавно - правната комисија во врска со истата одлука.

Комисијата во опсежната расправа не го прифати предлогот на барањето на д-р Никола Стојановски за одлагање на донесување на одлуката за основање на заводи во Република Македонија, а исто така не го прифати односно останува на своето становиште од 23 јули оваа год^ка кога и ја одржа својата седница во врска со оваа проблематика и според тоа му предлага на Собранието на Република Македонија да ја разгледа Предлог одлуката односно и да донесе одлука за формирање на заводи во Република Македонија.

Ова го правиме односно се прави од причина што, заради континуитетот на остварувањето на здравствената заштита во врска со законот за здравствена заштита кој беше донесен минатата година.

Понатаму, за трансформацијата на здравствената заштита, согласно со законот за здравствената заштита од истата година.

Формирањето на заводите за здравствена заштита во Република Македонија треба да ги следи, а и обработува, имено, обработува и анализира податоци за заболување и смртноста на населението во Република Македонија, односно ја планира здравствената заштита на населението на Република Македонија.

Натаму спроведува мерки за активна заштита на населението за разни заболувања, ја проучува и исхраната на населението во Република Македонија, врши стручна методологија во епидемиологијата микробиологијата и хигиената.

Потоа, врши микробиолошка, паразитолошка, хигиенско - токсиколошка анализа и други лабараториски испитувања на кои им се дадени да ги обавуваат. Потоа врши контрола на лекови и лековити супстанци, го следи јонизирачкото зрачење на територијата на Република Македонија итн. со оглед на овие дејности што треба да ги обавуваат овие заводи во Република Македонија кои што се 10 на број сметам дека Собранието треба во врска со оваа одлука и да ја усвои одлуката на Комисијата за здравството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да укажам дека основниот предлог овде е даден од Владата, а на Владата овластен овде претставник е министерот за здравство. Ние сега гледаме дека тука не е министерот за здравство. Тука беше во зградата, затоа и реков, меѓутоа не е во салата. Ние овде сега треба да одлучуваме дали да биде или да не биде на дневен ред.

Бидејќи не гледам ниеден претставник на Владата, молам одбивам така да работиме и ви давам пауза од 15 минути да се соберат и да дојдат тука да работат.

(Седницата продолжи со работа по паузата во 14,55 часот).

На седницата присуствуваат 67 пратеници, што мислам дека е многу малку па очекуваме да дојдат повеќе.

Господинот Стојановски бараше збор да го образложи својот предлог, да се одложи предлогот на одлуките за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово.

I/7

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мојот предлог да се одложи оваа точка е поради тоа што сме во конституирање односно правење на нова влада, а новата влада би требало да си преземе ингеренции и за овој ресор. Сметам оној што ќе го спроведува овој закон, односно оваа одлука, која длабоко завлегува во организацијата на медицинските центри, односно на здравствената служба, би требало и тој што ќе ја спроведува, тој на една од наредните седници да си даде свое мнение за поставеноста односно за местото кое ќе го најде оваа одлука во реализација нејзина и на теренот, па почнувајќи од Републичкиот завод надоле. Од таа гледна точка предлагам оваа одлука да биде одложена за една од наредните седници.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас ќе го замолам претседателот на Собранието да престанат игрите. Уште едно прашање ќе му поставам на претседателот дали уредно беа поканети сите пратеници и запознати со дневниот ред.

Второ, дали уредно беше поканета за мене бившата сега Влада.

Дали овие закони се во ред. Доста со игрите. Подоцна ќе објаснам во што е суштината на овој Парламент и овие игри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Анастасовски зедовте збор за ова прашање и дали имате да кажете нешто по прашањето што е на дневен ред. Ако немате тогаш седнете си, затоа што ние имаме прашања на дневен ред што треба да ги расчистиме. Повелете дојдете на говорница и кажете што имате по ова прашање за да го разјасниме. Има предлог овде да се симнат одлуките од дневен ред, па ако сте го читале, кажете точно што мислите.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ако бившата Влада смета дека треба да се симнат одлуките од дневен ред, нека се симнат, но повеќе така не може да работи еден парламент кој го избра македонскиот народ. Дајте одговор на прашањата што ви ги поставив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знаете господине Анастасовски вие сте добиле уредно покана а на ист начин се поканети и другите пратеници. Поканите се поделен на ист начин како секогаш на сите, а исто така е известена и Владата навреме за оваа седница.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Уште една работа господине претседателе, ја избегнуваме темата за Македонија, ги избегнуваме стварните закони, а бараме да ја признаат Македонија. (силно ја удира клупата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да правите неред, ако имате што да кажете по ова што е на дневен ред, кажете, а ако немате, тогаш седете и ќе чекате кога имате да кажете, а за тоа што вие се грижите, сите сме загрижени многу и малку размислите кај себе во пратеничката група.

За збор се јави господин Андоновски.

**АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со информацијата за мрежата на здравствените капацитети што ние ја усвоивме, сметам дека ова прашање е апсолвирано и не би требало да се враќаме назад.

Во точката 3 од констатациите што ги донесовме врз база на таа информација речено е дека во понатамошната стратегија во развојот на здравствената заштита еден од акцентите ќе биде развојот на превентивната здравствена заштита што е практички стратегија на светската здравствена организација за што, за жал, ние досега како

република имаме и отстапувања. Ние сеуште не сме почнале да превенираме, а за жал цело време зафаќаме на тоа да лечиме. Јас мислам дека нема куратива без добра превентива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сте за тоа да се задржи точката или да се одложи.

**АНДОНОВСКИ**:

Јас сум за тоа точката да се задржи од причини што сметам дека понудената одлука ништо не менува во концептот на организирање на здравствената заштита. Оваа одлука само уште еднаш практички со оваа одлука ние на некој начин ја овозможуваме нормално да се одвива развојот на превентивната здравствена заштита. Затоа сметам дека оваа точка треба да остане на дневен ред и оваа одлука да ја разгледува овој Парламент.

**ПЕРКО КОЛЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, точката 6 Предлог на одлуки за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, овде е печатна грешка за Гостивар тој не е тука, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово претставува ефектуирање на досега донесените акти и информации, мерки по тие информации и обврски и онаа политика што овој Парламент ја има усвојувано во делот за здравството. Оваа одлука, како и претходниот дискутант што кажа, со овие одлуки ние буквално ги извршуваме оние задачи кои што беа порано поставени. На 26.12. ја усвоивме информацијата за мрежата на здравствените капацитети во Републиката и сите ставови по ова прашање во овој период беа извршени богати дискусии по сите оддели кои што ја вршат оваа дејност заедно со Републичкиот завод за здравствена заштита, секцијата која токму овие прашања ги разбира, ние во

почетокот кажавме и сега прво треба со превентива да се оди во поголема реформа во здравството, а потоа со другите делбои и претставува само еден континуитет на досегашните ставови и заложби кои што сме ги имале во здравството. Инаку, Владата уште работи и има право да ги предлага и од тие причини сега стаса таа одлука помина низ сите комисии на Влада и секаде и на Комисијата на Собранието и сега стаса на дневен ред. Од тие причини е поставено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави господин Абдурахман Халити.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Сакам само во својство на известител на Законодавно - правната комисија да кажам дека во начелната расправа во Комисијата имаше мислење дека сегашниот статус на постојните заводи кои што, за што во Скопје, незнам дали во Куманово или во некои други градови има заводи, како што се за здравствена заштита, некаде има служби итн. со тој статус според оценките на Законодавно- правната комисија нешто не е сосема во ред, односно не се расчистен?. сите односи од оваа област и оттука Законодавно - правната комисија има друг предлог. Одлуките што се предлагаат да се разгледаат на денешната седница како предлог за донесување на одлуки.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:** (продолжение)

Со намера евентуалните спорни и нерасчистени прашања околу организациониот и правниот статус на заводите што ќе се формираат и на постојните заводи и на службите до крај да се расчисти, како што беше и тука речено да се даде можност уште еднаш овие решенија да се преиспитаат и да се види што е тоа што е поконзистентно, односно попогодно за функционирање на овие заводи. Тоа е став на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани дами и колеги, во претпладневното мое излагање изнесов дека овој материјал кој што треба како предлог на одлуки да се стави на дневен ред на Собранието и донесат одлуките, мислам дека имаше еден ред, една процедура која што наназад тече од неколку месеци. Според тоа за оваа работа беа запознаени и службите, хигиенско - епидемиолошките служби на здравствените установи, медицинските центри, понатаму и на здравствените домови, односно и Републичкиот завод за здравствена заштита. Мислам дека на овие служби кои што виреат како такви во состав на овие здравствени установи им е ускратена понатамошната работа во нивниот развој. Тоа се луѓе кои што немајќи интерес за работа не си ја обавуваат работата како што треба. Кога ќе постанат како самостојни здравствени установи тогаш тие ќе имаат можност да си ја развиваат здравствената дејност во тие димензии кои што ќе им биде корисна на граѓаните на Република Македонија. Мислам дека никакво одлагање нема цел, со тоа што новата Влада, понатаму новото

ресорно министерство итн. Мислам дека ние како Парламент сме во еден континуитет. Ние сме пратеници избрани од народот и мислам дека ние треба законодавната работа да си ја обавуваме онака како што треба, независно дали ќе дојде оваа Влада, она министерство итн. Мислам дека секое одлагање како и на други закони итн. , само му носи штета на народот на Република Македонија. Според тоа мислам дека не постојат никакви дилеми во однос на поставување и расправање на Предлог на одлуката на денешнава седница на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Мислам дека не е добро да даваме оценки за работата на луѓето што работат во овие служби, затоа што намерата не е таа . Намерата на предлагачот е да востанови и воспостави ред во организационата поставеност на овие служби. Се работи за тоа што не сме доволно убедени како тие треба да изгледаат. Затоа што заводи за здравствена заштита во Република Македонија сме имале и порано и општински заводи. Во едно време најдовме дека тие заводи не ни функционираат баш најдобро и затоа ги интегриравме со медицинските центри некаде, а некаде останаа. Сега тврдиме дека луѓето таму не работат. Ние тука не правиме за луѓе ништо, ние правиме организациона шема. Кога ќе зборуваме за луѓето ќе имаме информација итн. Мислам дека тие работи не треба да ги мешаме. Тука е барањето да се пролонгира донесувањето на овие одлуки и ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да утврдиме досега до каде сме. Меѓу ставот на г-динот Трпчевски и ставот на г-динот Халити има разлика, но тоа не е разлика која се однесува на прашањето дали овие одлуки да бидат на дневен ред. И едниот и другиот се согласуваат да бидат на дневен ред. Тие разлики што се појавуваат сега меѓу нив можат да бидат расправани кога ќе расправаме по дневниот ред. Меѓутоа, досега и господинот Халити и господинот Трпчевски се согласуваат точката да биде на дневен ред.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека понудените одлуки што треба да ги донесеме немаат никаква друга цел освен да ја потврдат онаа стратегија и организација на здравствената заштита што ние сме ја апсолвирале овде како Парламент. Тоа значи дека ние едноставно ги поврзуваме во систем на вертикална поврзаност сите здравствени институции. Тоа е целта на одлуките. Целта наша досега беше кадровски, технички да бидеме опремени и да можеме да се носиме со превентивната здравствена заштита. Само ваква поврзаност на заводите можат да понудат тоа. Мислам тоа е целта на одлуките.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи и господинот Андовноски се согласува да се стават на дневен ред.

Дали некој друг бара збор?

II/4

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Изгледа дека не се разбираме. Превентивната здравствена заштита е во надлежност , ќе биде во надлежност според Уставот е во надлежност на локалната самоуправа. И ако е тенденцијата некое вертикално поврзување, тоа уште ја отежнува работата. Да видиме што е. Ние тука имаме само одлуки со не нужни образложенија зошто тоа го правиме. Ние не сме пророци тука сега да тврдиме дека ние сме утврдиле таква организациона шема, а тоа не е точно. Ние сме утврдиле со законот за здравство една глобална политика во областа на здравството и ништо повеќе. Не инсистирам друго, туку од брзина да не погрешиме нешто да бидеме во ситуација после една седница или две, да измениме одлука итн. Во тоа е залагањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашето залагање е сосема јасно да остане на дневен ред, а да се донесува во две фази.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, тоа е друга работа.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за организација на здравствената служба која е од посебен општествен интерес и ако завлегуваме во тоа , сигурно ќе испаднат и некои други по вертикала да се уредуваат. Затоа јас предлагам ова да го разгледуваме на една наредна седница кога ќе биде формирана новата влада, тогаш да го разгледаме и евентуални дополнувања ако има за уште некоја друга реорганизација. Да не одиме посебно едно по едно итн. Јас од тие причини го предлагам тоа.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Сепак чувствувам потреба да кажам. Овде не се работи за никакво вертикално, хоризонтално, или ваква поврзаност. Овде се работи за чиста операционализација на Законот за здравство. Заводите како здравствени институции се предвидени во Законот за здравство како самостојни институции и истите во функција на спроведувањето на Законот за здравствена заштита и она што ние го усвоивме како Собрание треба да ги операционализираме, да ги пуштиме во практичен живот. Тука се работи само за чисто спроведување на Законот за здравствена заштита што мора да го спроведеме, бидејќи го донесовме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, Предлогот на господинот Никола Стојановски го ставам на гласање, да се одложи Предлогот на одлуките за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Струмица, Битола , Титов Велес и Тетово.

Молам, кој е за да крене рака? (25 пратеници)

Според тоа, Предлогот не е усвоен.

Пратеникот Бранко Арсовски достави Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката со Предлог на закон и предлага Собранието да го разгледа и донесе овој закон на денешната седница.

Ваков закон поднесе и пратеникот Симеон Ивановски.

Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и ЗПК ги разгледаа предлозите на пратениците Бранко Арсовски и Симеон Ивановски.

Предлагачите да ја образложат итноста.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сакам да ве уверам дека Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката, со Предлог на закон по скратена постапка го предложив не да ја рушам , или да биде во колизија со Антиинфлационата програма што ја предложи Владата и што ја усвои Парламентот на една од претходните седници која беше со единствена цел да се смири и намали инфлацијата која доби дури и галопирачки тек, туку исклучиво да обезбедам извесна превентира во крајно нарушениот животен стандард на вработените во стопанството, а посебно на вработените во општествените дејности заради непрестано зголемување на цените на сите производи, а пред се оние кои што го обезбедуваат основниот минимум , па и социјална сигурност на секој работен човек и граѓанин во Република Македонија, а пред се мислам на брашно, леб, зејтин, огрев, струја, патни трошоци, вода, средства за хигиена итн. ве потсетувам дека со извршената корекција на цените и услугите направено со одлуката на Владата, сепак се нарушија основните параметри од Антиинфлационата програма и тоа на штета и на така веќе нарушениот животен стандард на вработените и граѓаните на Македонија. Само да се потсетиме дека со примената на Законот за плати

во Република Македонија, платите се ограничени на нивото исплатено за месец март со соодветно зголемување од 25% за вонстопанските дејности и одделни монополски организации, 30% за поголемиот дел од сто- панството и 35% за градежништвото и земјоделството. Што значи по пат на автоматизам платите во месец мај , јуни и понатаму треба да се исплатуваат на нивото исплатено за месец април. Ваквата определба на законот можеше да се оцени за позитивна во случај ако останатите субјекти и параметри од Програмата не беа нарушени уште на првиот чекор од спроведувањето на Програмата. Уште на стартот плафонот на максимираните , односно замрзнатите лични доходи дојде до пробив прво во стопанството личните доходи беа зголемени за над 40% што уследи зголемуваше на просечниот личен доход во Република Македонија и како резултат на овој просек се овозможи неминовно и законски е оправдано зголемување на пензиите од 40,8%, а останаа во ќорсокак само општествените дејности што сметам дека е неоправдано. Се разбира ваквите нелогични, па би рекол и непринципиелни односи доведоа личните доходи на едно вработено лице во образованието, управата, културата, здравството итн., да остварува личен доход за цели 50% до 100% помалку од едно вработено лице во стопанството, или на еден работник со слични обележја да речеме образование, работен стаж, работни за- дачи, прима помалку од еден негов колега во пензија што според мое мислење нема случај во светот. Вакви апсурди, а уште повеќе што личните доходи во најголемиот дел од општествените дејности се наоѓаат во рамките на социјално - заштитно право кое се исплатува во рамките на програмата, социјалната програма, тогаш има големи аргументи да дојде до корекција на личните доходи на сите вработени, а посебно во општествените дејности.

Само за пример, во денешни услови заклучно со јуни во основното образование еден професор со сиот работен стаж прима околу 40 илјади денари. Тоа се однесува и за наставник со 38 илја- ди денари, или еден учител со 32 илјади денари итн., што е случај и во сите други општествени дејности. Ако кон сето ова се додадат и одредени статистички показатели кои го објаснуваат порастот на животниот стандард, како на пример, во месец април во однос на март трошоците на живот пораснале за 75,5%, во месец мај во однос на април за 77,3% и во месец јуни во однос на месец мај за 10,3%, или вкупно за периодот април јуни во однос на месец март за 243,2%, тогаш и овој економски и статистички параметар непобитно покажува колку е нарушен член 4 од донесениот закон за плати и други примања во Република Македонија.

Според мене ако подетално се изанализираат напред споменатите параметри, а пред се да се изанализираат до крај структурата на вработените во стопанството и нестопанството и да се направи споредба на висината на личните доходи и нивното зголемување за последните месеци ќе се дојде до следната констатација. За периодот мај 1992 година, декември 1991 година, зголемување на личниот доход во стопанските дејности изнесува 434,0% додека зголемувањето во нестопанските дејности изнесува 198,5% или се јавува разлика за минус 235,5%. Исто така, врз основа на вакви индекси, за периодот мај 1992 година, март 1992 година, висината на исплатени лични доходи изнесува 161,1%, додека во нестопанските дејности 141,7% или се јавува разлика за цели 19,4%, или реално личните доходи во нестопанските дејности опаднале за цели 60%, додека во стопанството само за 22%. Исто така, може да се применат и

верижни индекси. Еве за период 5-ти 1992 година, 4-ти 1992 во стопанството е зголемен пораст од 111,6%, додека во општествените дејности за 101,3%, што се јавува разлика од -10,3%. Тоа е многу важно за мене, а во што сум и длабоко убеден. Мислам дека сегашните лични доходи, па и со 100-постотно нивно зголемување нема да претставуваат некој сериозен генератор на инфлацијата бидејќи истите обезбедуваат некој вид биолошки минимум, а генераторот на инфлацијата треба да се бара на сосема друго место. Имајќи ги во предвид сите овие напред споменати елементи можат да се наведат уште многу други, ме убедија да предложам измени и дополнувања на Законот за платите кој во себе има исклучиво заштитна и превентивна функција, а не да биде во функција на минирање на Антиинфлационата програма. Во таа смисла молам пратениците да ја прифатат оваа точка на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи претходниот дискутант ги образложи од прилика основните поставки за потребата за донесување на еден таков закон, јас не би дискутирал пошироко. Сметам дека треба да повторам само две-три работи. Ако животните трошоци за месеците април – мај - јуни за три месеци се зголемени и пораснаа за 243,2% нема многу потреба за објаснување и правење формулации дека е неопходно померување на границата, на нивото каде што се замрзнати личните доходи. Ние само имаме компензација за овие 243,2% имаме само 30 отсто во стопанството, 35 отсто во градежништвото и земјоделието и 25 отсто во општествените дејности. Сето она другото е на товар на стандардот и сметам дека е неминовно да се донесе таков закон.

III/1.- JJ-ВБ

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ: (**продолжение)

А што се однесува до одредените разлики и размислувања на претходниот дискутант, кој што исто така е предлагач на Законот јас кога предлагав предлог за донесување на закон го немав во вид неговиот предлог на закон и имаме одредени разлики и видувања на одредени позиции и сметам дека во фаза на утврдувањето на текстот на Законот може да дојде до одредено усогласување и сметам дека одредени квантификации кои што се дадени од различни позиции да се усогласи, али ние сега дискутираме за потребата од ставање на дневен ред за донесување на една таква материја мислам дека е тоа неопходност бидејќи Антиинфлационата програма предлагаше нешто друго, предлагаше евентуално дека инфлацијата во мај месец ќе биде некаде околу 45% а во другите месеци би била исто 10% а практично за сите овие месеци е 242. Не можеме ние само на товарот на стандардот на работниците да правиме некоја стабилизација. Мислам дека добиваме спротивни ефекти. Работниците без разлика што мораат да го поднесат товарот на дел од ова што се случува не можат да паднат истовремено на минимум на стандард кој е неопходен за барем да речам за минимални услови аз работа. Не можеме да бараме продуктивност, не можеме да бараме дисциплина, не можеме да бараме одговорност кога нема да даваме личен доход со кој ќе може да ги подмири најосновните животни потреби. Според тоа неопходно е да се стави на дневен ред потребата за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за платите и другите парични надоместоци а понатаму комисиите што се матични за оваа работа да пристапат кон усогласување на двата предлога што се дадени.

III/2.-

Што се однесува до мислењето на Владата , јас вака можам да речам ако оваа Влада останеше на власт, немаше да ги одбие овие два предлога, односно ќе имаше свој закон. Бидејќи Владата сега е во оставка тоа и доаѓа на некој начин како поен плус, ако може да ги одбие овие закони и да прави според мене конфузија без разлика дали е тоа во стопанството или во општествените дејности. За ваша информираност Владата имаше таков закон,но поради тоа што и беше изгласана недоверба го повлече, така да не ме чуди нејзиното денешно изјаснување дека не ги поддржува овие предлози. Тоа е логично да се очекува од Владата која е во оставка. Апелирам до пратениците да го прифатиме овој предлог ако мислите дека треба да се усогласат законите и да се стави на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Што мисли Владата за итноста на ова прашање?

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, мислењето на Владата го имате пред вас, веројатно не и со епитетите кои ни се припишуваат, али не и со форсирањето на состојбите од потребата за донесување на законот за измени и дополнување на Законот за платите и дивидендите, затоа што и тогаш кога треба да се донесе таков закон прво ќе треба да се направи сериозна анализа на евентуалните ефекти од Антиинфлационата програма во сите нејзини сектори, па и во секторот на платите и тоа во двата домена во стопанството и во нестопанството.

III/3.-

Ние денеска се произнесовме така како што се произнесовме. На Владата имајќи ја предвид токму потребата што е назначена и во самата Антиинфлациона програма дека по протекот на три месеци од примената на Антиинфлационите мерки треба да се изврши одредена анализа на остварувањето на програмата и веројатно врз база на сознанијата од таа анализа треба да се извршат извесни новелации и на оценките и на решенијата во Програмата и ќе треба веројатно тогаш да следат и определени интервенции, кои што во секој случај треба да бидат интервенции комплексни а не парцијални, што би имале негативни ефекти врз она за што се договоривме во ова Собрание, и се произнесе за донесувањето на Антиинфлационата програма. Но за да се разбереме уште во почетокот за некои оценки кои што се даваат, мислам дека треба да се чуваме од такви епитети зашто состојбите зборуваат за одредени сознанија кои што и во овој краток временски интервал од реализацијата на Антиинфлационата програма се видливи, а тоа не значи дека нема проблеми во нејзиното реализирање.

Меѓутоа мислам дека е нереално пред Собранието да се изнесува податок дека инфлацијата во април и во мај да се земе како ефект од Антиинфлационата програма од причини што ви се познати зашто Антиинфлационата програма е донесена од страна на Собранието на 26 април оваа година, а тоа значи тековната инфлација од април 1992 течеше и не можеше со таа Антиинфлационата програма да биде програмирана за совладување, а исто така вам ви е познато дека во влезот во мај месец исто така со таа Антиинфлационата програма се нивелираа определени цени што предизвикаа програмирана инфлација за месец мај и ефектите до Антиинфлационата програма можат да се видат со податоците од јуни. И можам со задоволство да ве известам дека во делот на инфлацијата веќе тие податоци не се оние со 75 и 85, туку инфлацијата е сведена во јуни во

III/4.-

однос на мај за 17% а трошоците на животот за 10 процентни лоени. Веројатно многу покомплексни ќе бидат оценките кога ќе располагаме при крајот овие денови на овој месец за ефектите остварени во текот во секој домен во текот на јуни и јули и веројатно во текот за тие два месеца треба да следат оценките за определени интервенции тогаш кој што не би го нарушиле основниот концепт на Антиинфлационата програма, а би внеле одредени интервенции во одредени домени од пакетот на Антиинфлационите мерки што одеа со таа програма таму каде што се јавуваат одредени проблеми и веројатно и во сферата на стандардот.

Јас ова го кажувам не за да влијаам во еден или во друг правец вие да се определувате. Вие ќе се определите така како што ќе се определите, меѓутоа мислам дека сепак треба да ги имате состојбите пред себе при определувањето, а уште помалку да не оценувате дека ние поради тоа што сме во овој статус, така се определивме за да добиваме поени. Мислам дека тоа не го заслужуваме туку треба да имаме анализа пред себе која што треба да даде одговор комплексно во сите сектори на Антиинфлациона програма и нејзино освежување во доста сектори, не само во секторот на платите. Мислам дека само така и ова мое излегување треба да го прифатите а не во смисла да влијаам во вашата определба. Мислењето на Владата е ризикот евентуално за нарушување на Антиинфлационата програма зашто се видливи движењата уште во првиот месец од нејзиното спроведување а реални се и очекувањата во текот на јули да се повторат дури во позитивен уште повеќе за да врз база на тоа се интервенира комплексно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Никој не бара збор

III/5.-

Предлогот за донесување на изменување и дополнување на законот за исплатата на платите и другите надоместоци со Предлог на закон што го поднесе пратеникот Бранко Арсовски е следен и со предлог што е поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Дали двата предлагача стојат на мислење двата предлога да се стават на дневен ред или едниот ќе се повлече, па само еден да остане и со амандмани евентуално да се настапи.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас се обидов во образлагањето да кажам дека потребата е истоветна и во едниот и во другиот предлог. Ние сега донесуваме одлука дали ќе бидат сврстени во дневниот ред. Законите во еден дел во предлогот малку се разликуваат и може амандмански да се интервенира. Во еден дел од Законот разликата е суштинска. Сметам дека треба да останат двата предлози и да се стават пред комисиите што се овластени, матичните комисии и да видиме комисиите на кој од законите ќе му дадат предност а со кои односно кои од законот амандмански ќе интервенира. Мислам на Комисијата за стопанство, за финансирање и буџет, за економска политика и развој, за да заземат став кој од законите треба да оди во редовна постапка а кои решенија од законот амандмански ќе интервенира во другиот. Има суштинска разлика во решенијата на член 4 и сметам дека овде од оваа говорница не може да се објасни зашто се потребни стручни објаснувања па предлагам и двата да влезат во процедура до комисии. Веројатно комисиите ќе утврдат кои од законите ќе оди во редовна процедура а што ќе прифати како амандман на дел од законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според излагањето на господинот Ивановски, мисли дека немаме еден јасен текст кој го решава интегрално прашањето кој би бил на дневен ред внесен, туку би требало уште еден напор во комисиите за да се

III/6.-

разгледаат двата предлога а потоа да дојде еден од нив на седница на Собранието. Тоа значи дека или на оваа седница да не го внесуваме во дневниот ред или ...

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

Да се стават двата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, не може двата да ги ставиме за иста материја и навистина нема смисла. Мора да знаеме што бараме. Може и два, но ако има смисла.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сакам да ве известам дека матичната комисија за труд и социјална политика ги разгледа и двата предлога на закони и тоа на денешната седница и Комисијата едногласно одлучи да го прифати законот на господин Бранко Арсовски, а законот на господинот Симеон Ивановски да оди како амандман, во оној дел каде не се усогласени двата закони, посебно тоа се однесува на членот 4. Ете тоа е предлог и извештај на Комисијата за труд и социјална политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа нема потреба да се повторува постапката.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас го респектирам мислењето на Комисијата која ја води господинот Бранко Арсовски и логично е дека таа комисија на која претседава тој дека ќе го поддржи предлогот што тој го предлага а ќе го отфрли другиот предлог кој за нив морам да кажам, веројатно по не одговара. Мислам дека во членот 4 таму како што се предлага, не е прецизно речено што се предлага.

III/7.-

Затоа велам дека треба и двата предлога да одат на комисиите што се надлежни за таа работа и ќе се утврди еден текст кој ќе дојде на Собранието. Мора матичните комисии да се изјаснат и овие другите а јас не мислам дека тие така ќе се изјаснат. Јас се обидував да избегнам и да кажам што е суштината на законот кој го предлага господинот Арсовски.- Во него се предлага 50% да се помери границата на ограничување за работниците во стопанството а се предлага исто така, иако таму не е набележано околу 123% да се помери границата на работниците од вонстопанските дејности. Иако не е тоа речено изричито, со формулацијата што е дадена се однесува на тоа, бидејќи се предлага прво да се изврши усогласување со 61% на општествените дејности и потоа да се зголеми со 50%. Помножено 160 и со 150 и со 120 излегува околу 123. Јас таква формулацијата не би можел да поддржам и затоа предлагам матичните комисии да ги погледнат двата предлози и ќе дојде на Собранието еден од законите. Владата ќе ни помогне, без разлика што се изјаснува негативно, визави позицијата која ја брани , јас не сакам да навлегувам веројатно има причини али во формулацијата на членовите ќе ни помогне да дојдеме до право решение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи инсистираат и двајцата предлагачи а тоа не наведува само да ја објасниме ситуацијата во која се наоѓаме сега, ако не најдеме излез сега не доведува во ситуација дека ние би требало да ја прекинеме расправата по овие два предлога, да видиме што со сите други делови од дневниот ред дали можеме да ги утврдиме и кога ќе дојдеме до расчитување на сите други прашања, да дадеме пауза и ако може на комисиите да се заземе став како ова решение да се расправи. Очигледно дека едниот предлагач мисли дека само една комисија тоа не може да го реши, дека не е надлежна.

III/8.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека непотребно се доведуваме во една несакана работа затоа што овде имаме предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката со Предлог на закон, по итна постапка. Меѓутоа, јас би предложил за да го надминеме овој проблем, двајцата пратеници што имаат поднесено слични но и различни закони и двајцата да бидат предлагачи. Имаме извештај од матичната комисија на Собранието, зашто мислам дека секогаш ова Собрание одеше на тоа да го почитува мислењето за дотичните проблеми од матичните комисии. Комисијата за труд и социјална политика е матична комисија, има мислење и сега ако го прифатиме ова ќе го решиме проблемот на тој начин што и двајцата ќе фигурираат дека се подносители на законот, меѓутоа амандмански може овој закон да се измени да речеме 70 до 80%. Во тоа е суштината, да не губиме време. Инаку лично го поддржувам овој предлог и законот да биде како прва точка на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали господинот Ивановски сега оваа сугестија ја прифаќа, дали се придружува на предлогот на господинот Арсовски а го повлекува својот предлог да не биде на дневен ред туку да го претвори во амандмани.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас во принцип не сум човек кој тврдоглаво стои на своите предлози, и се согласувам дека го претворам мојот предлог на закон во амандмански дел, али да ми биде дозволено, или пак сега треба повторно да ги пишувам, да ги куцам и да се вратат како амандмани или практично решенијата во мојот предлог да се прифатат како доставени амандмани и по нив рамноправно да расправаме овде. Да се прифатат како амандмани во

редовна процедура, доставени како такви да не се прави нова процедура, нема амандмани, да оди туку да се прифати како да се амандманите доставени во редовна процедура дека се интервенира во законот и да одиме во расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, сега има согласност предлогот што го дава господинот Арсовски да биде уврстен во дневниот ред а му се придружува како предлагач и господинот Ивановски. Притоа, господинот Ивановски некои делови од својот предлог на закон што го имаше овде ќе ги претвори во Амандмани и ќе ги достави во редовна постапка во Собранието, да се изведе постапка по тие амандмани пред да се отвори расправа на Собранието по законот.

Дали има уште некој кој бара збор во врска со предлогот на господинот Арсовски? - Нема.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на господинот Арсовски го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (58)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласањето (15).

Констатирам дека Собранието го прифати предлогот на господинот Арсовски во дневниот ред да се уврсти Предлогот на законот.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија дос- тави и предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членството на Организацијата на Обединетите нации.

Предлагам дневниот ред на денешната седница да го дополниме со оваа Предлог на одлука.

Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (1).

Констатирам дека е усвоен овој предлог.

IV/2.-

Комисијата за труд и социјална политика предлага Собранието да го дополни дневниот ред на денешната седница со Предлог на одлука за потврдување на Статутот на Републичкиот завод за вработување - Скопје.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање?(2).

Констатирам дека предлогот на Комисијата за труд и социјална политика е усвоен.

Комисијата за образование, наука и култура предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Централното основно училиште "Ристо Шуклев" село Негорци - Гевгелија.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(4).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата за образование, наука и култура е усвоен.

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието да го дополни дневниот ред со Предлог за донесување по итна постапка на Законот за сметководството со Предлог на закон.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да ја образложи итноста од донесувањето на овој закон.

Има збор господинот Тошевски, министер за финансии.

IV/3.-

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувам претседателе, почитувани пратеници.

На денешнава седница на Собранието предлагаме во дневниот ред да се внесе и да се води претрес по Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за сметководство по итна постапка. Основните причини за дополнување на законот се состојат во тоа што банките и другите финансиски организации, според Законот за сметководното се должни при пресметувањето на ревалоризаціјата на трајниот капитал да го применат остварениот коефициент на пораст на цените на производителите на индустриските производители кој не одговара на структурата на пласманите н е повисок за коефициент од 1,3 во однос на коефициентот на порастот на цените на мало. Тоа влијае и на височината на активните каматни стапки на кредитите што позитивно може да се одрази на ублажувањето на отежнатите услови на стопанисувањето, на корисниците на кредити кај банките како и самите банки и финансиски организации.

Од наведените причини, а имајќи ги предвид оправданите цели потоп неодложна потреба за донесување на закон за дополнување на Законот за сметководство со Предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е во прашање донесување на сложен п обемен закон, согласно членот 344 од Деловникот на Собранието на РМ, предлагаме Собранието да го претресе предлогот за донесување по итна постапка на Законот за дополнување на Законот за сметководство, со Предлог на закон.

Недонесувањето на овој закон има негативно влијание кај корисниците на кредитите како и кај банките и другите финансиски организации што непосредно се образува и врз состојбата на стопанството.

IV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор во врска со образложението на претставник од Владата? (Не бара).

Молам,кој е за предлогот на Владата нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(3).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување по итна постапка на Законот за дополнување на Законот за сметководство, со Предлог на закон.

2 . Предлог за донесување на закон за издаваше и пуштање во оптек на менични бланкети, со Предлог на закон,

3. Предлог за донесување на за- кон за емисија на административни и судски таксени марки, со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за височината на стапката на затезната камата, со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, со Предлог на закон,

6.. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката, со Предлог на закон,

7. Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членството на Организацијата на Обединетите нации.

IV/4.-

8. Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1991 година,

9. Предлог на одлуки за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово,

10. Извештај за реализираните средства по Законот за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово и нивно користење,

11. Предлог на одлука за именување секретар на Собранието на Република Македонија,

12. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Радио дифузното претпријатие Македонска Радио Телевизија,

13. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни игри и песни "Танец"-Скопје,

14. Предлог на одлуки за разрешување судии на Општинскиот суд Скопје II - Скопје,

15т Предлог на одлука за разрешување судија на Општинскиот суд Струмица,

16. Предлог на одлука за потврдување на Статутот на Републичкиот завод за вработување - Скопје,

17. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Централното основно училиште "Ристо Шуклев" село Негорци-Гевгелија.

IV/5.-

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор госпоѓа Ратка Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, се наближува нашиот државен празни.1 ,"2, август". Нашиот народ, граѓанине на Македонија од митингот на 12 о.г. доставија барање до Собранието, до Владата и до Претседателот на Републиката со кое не обврзуваат до крајот на овој месец да ги донесеме системските закони.

Да го дочекаме големиот празник "Илинден" со довршени темели на нашата држава.

Жалам што како пратеник на ова Собрание морам јавно да констатирам дека ова време поминува во празен од. Ние, на тој план ништо не работиме. Не се прават никакви консултации, никакви усогласувања, ниту меѓу партиите, ниту меѓу групите ниту меѓу координаторите на пратеничките групи. Бидејќи деловникот ова Собрание не го донесе, стариот не дава можност и на 30 пратеници благовремено вмешување во организацијата на седниците па дури ниту тогаш кога 100 илјаден народ од нив тоа го бара. Закажувањето на седниците и утврдувањето на дневниот ред односно утврдувањето на точките на дневниот ред је во исклучива надлежност е исклучиво во рацете на Собранискотo претседателско и така се случува да ги мешаме седниците и дневните редови како покерашки шпил на карти. Денеска е свикана 46 седница, а 41-та недовршена со системските закони - чека. До кога?

Имам конкретен предлог. Овие денови до први август да го задолжиме претседателството да организира консултации меѓу парламентарните групи, во сите комбинации. На ниво на координатори, на

IV/6.-

ниво на пратеници, претставници на групите, па и на цели групи. Прво меѓу двете најголеми пратенички групи, а потоа п меѓу сите групи.

По овие усогласувања, на први август, во сабота да биде свикана прекинатата 41 седница со истиот дневен ред кој што сите македонски граѓани со душа го чекаат.

Го користам единствениот механизам кој ни стои на располагање за да се заложна за волјата на моите бирачи пред ова Собрание. Да го обрзиме претседателството да организира усогласување и да ја закаже 41-седница.

Барам Собранието да се изјасни со гласање за мојот предлог.

Се изјаснивме за граѓанска држава. А тоа подразбира висока индивидуална одговорност, и го нема тој авторитет кој може во овој случај да ни ја олесни нашата лична одговорност пред нашиот народ.

Барам, Собранието да се изјасни за мојот предлог со поединечно гласаше. Го повторувам мојот предлог за заклучок на Собранието, претседателството да организира консултации, усогласувања до сабота. А, на 1 август, во сабота да се свика 41-та седница со системските закони и заканите за државните белези.

Молам, поддршка од 10 пратеници за поединечно гласа&е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една кратка информација.

Овие денови непрестано претседателството се обидува да организира и да иницира промена на ставот на двете важни пратенички групи, вие знаете кои се, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група на ПДП п НДП л претседателството постојано разговара и контактира со координаторите за потребата од подготвеност за компромис и толеранција за да можеме не пречено и достоинствено да работиме на изградбата на нашата држава.

IV/7.-

Тоа подразбира п бара разбирање од групите на подготвеност да можат да направат потребни отстапки. Овие денови, претседателството зазеде став треба да се закаже седница на Собранието, 41-та седница да продолжи на 31 јули, во петок, со намера да се донесе тие закони.

Според тоа, оваа изјава на госпоѓа Димитрова која не се однесува на дневниот ред што го утврдуваме, туку е иницијатива од друг карактер, значи само целосна поддршка ка претседателството. И, ако е тоа знак за расположение во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ние треба сестрано да го поздравиме тој факт. Исто така очекувам прес вртница и кај пратеничката група ПДП НДП.

Затоа ве молам нека не се инсистира на 1-август туку на јули. Многу е позначајно во јули да ги донесеме тие закони отколку во август. Немаме никаква потреба да одиме на 1 август.

Дали нешто друго сакате околу тоа?

Нема потреба од гласање.

Збор побара господин Стојановски.

Пред да земе збор господинот Стојановски, да информирав дека утрово разговарав со координаторот на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ и го известив за оваа намера на претседателството. Исто така, утрово разговарав и со пратеничката госпоѓицата Доста Димовска која инаку потпретседател на партијата, со исти замолници кои сега Ги упатувам на сите. Така што, тоа сега не е покренато, туку се покренува цело време од страна на раководството на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да кажам една работа, да се осврнам само на дел од говорот на господин претседател кога бараше разум во главите на две претставнички групи на ВРМО-ДПМНЕ и на ПДП НДП.

IV/8.-

Дозволете, да сфатиме што треба да се направи.

Господа пратеници.., има Предлог на закон за овие амблеми кои го поддржува Уставната комисија. Лично јас, како пратеник, дадов предлог овој парламент да одлучува за друг закон. истиот закон само со друга содржина. Тоа значи, сега, јас ги повикувам парламентарните групи на СДСМ, реформските Сили - Либерална партија, социјалистичката партија, независните и Југословените и ПЦЕР и тие да бидат разумни и го поддржат мојот предлог на закон и ќе се реши прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојановски ја демантира госпоѓа Димитрова за евентуалната спремност.

Збор побара госпоѓица Димовска.

Значи, сеуште е старата состојба. А, јас не се обратив кон никого за разум, туку за толеранција и подготвеност за компромис.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас излегов на говорница да го замолам претседателот на Собранието Стојан Андов да не си дозволува да интерпретира предлози на латенции и нивни излагања. Со тоа п целата македонска јавност п пратениците на Собранието ги омаловажува.

Сите разбираме македонски п имаме можности секој предлог да го разбереме. Доколку имаме некој коментар секој од нас ќе стане и ќе дополни нешто, ќе предложи нешто ново. Зошто си дозволи да го. коментира предлогот на госпоѓа Димитрова, сега предлогот ка господинот Томе Стојановски п да сугерира на парламентот како да ги разбере тие предлози.

Јас мислам дека треба најдобронамерно да се прифати и излагањето на госпоѓата Димитрова и излагањето на пратеникот Томе Стојановски. Се работи за системските закони на Република Македонија, за државните симболи. Крајно е време да ги донесеме.

IV/9.-

А, дали треба тука да се спомне пратеничката група на ПДП НДП како она што ги оневозможува или ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека не е место тука. Одговорноста ја сносиме сите заеднички. Одговорноста не може да ја сносни поединечен пратеник или поединечна пратеничка група.

Прашањето на договор за симболите и на донесувањето е заедничко прашање на сите нас овде. Одговорноста, сите ја делиме. Ве молам претседателе да не манипулирате со работата ка Собранието. Овој предлог беше најдобро намерно даден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да појаснам. Невозможно е на тој начин да работиме. Вие сакате да ни го одземете правото воопшто да го изнесам ставот на претседателството.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Не зборуваме англиски, македонски зборуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Токму заради тоа.

ДА ви кажам, јас имам Писмо од пратеничката група, од координаторот на ПДП и НДП во кое стои дека таа група нема да биде присутна на седницата кога ќе се разгледуваат тие точки, системските закони.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Ве молам, соопштено е исто така на Уставната комисија и ставот на ВМРО-ДПМНЕ. Јас се извинувам, но тоа се јавни документи што ги спомнав.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Побарав збор веднаш после госпоѓа Димитрова, кога не знаев за дообјаснувањето од господин претседател на Собранието. Меѓутоа, потребата да се јавам остана и после неговото дообјаснување, од проста причина што тој само најави дека е можно еден ден пред тоа да се одржи таква седница, но тоа категорички не го соопшти како завршена работа. Поради тоа, давам поддршка на излагањето на госпоѓа Димитрова и на нејзиниот предлог и од овде сакам да се искажам како еден од тие пратеници кој ќе дадат поддршка на тој предлог, освен во случај ако господинот претседател на Собранието не не извести дека официјално закажува седница ден порано. Сметам дека тоа не смееме да оставиме на случај, уште повеќе заради тоа што во последното дообјаснување сосема извесно се стави на знаење дека одржувањето на таа седница е спорно, заради писмото од пратеничката група ПДП-НДП, и заради нормално овие ставови ка македонските партии кој што беа изјаснети за време на одржувањето на Уставната комисија.

Сметам дека предлогот на госпоѓа Димитрова треба да биде поддржан и да дефинираме точна одлука, бидејќи тоа прашање во овие моменти е многу важно за Република Македонија.

V/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

41-та седница со одлука на Претседателството се закажува за петок на 31 јули 1992 година во 10,00 часот. Се друго што расправаме е За спремноста тогаш да донесеме одлука. Укажувам да не се најдеме во посрамена ситуација, да расправаме за така битни прашања, а да немаме убедливо мнозинство.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, донесувањето на симболите, ние како пратеничка група го сметаме како крајно сериозно прашање и нормално е дека му посветуваме првостепено значење.

По добивањето на писмото од пратеничката група на ПДП- НДП, дека не се исполнети одредени услови за одржување на седницата, на која ќе се расправа за симболите, меѓу кои и законот за државјанство и слично, нормално е дека претседателството презема одредени активности во смисла да изнајде начин како да се надминат одредени состојби. Во таа смисла како координатор бев повикан од претседателот Андов и ми беа изложени одредени видува&а кои се дадени на претседателството. Целта на тој разговор беше да се направат напори за додржување на седницата на овој Парламент во полн состав. Јас и на Уставната комисија го кажав и сега ќе го кажам дека ставот на ВМРО-ДПМНЕ по однос на националните симболи е многу јасен. Ние не отстапуваме од знамето, како што е предложено со левграновата ѕвезда и со грбот земскиот лав. Ова е наша определба и од тука не гледам апсолутно никаква потреба од било какво договарање, затоа што некој ќе биде принуден да отстапи од своите становишта што ги заземал. Од тука за да биде целосно информирана пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ во утрешниот ден ние имаме состанок со

пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ и ќе се договориме во однос на се. Но пак ќе повторам од симболите не отстапуваме. Од тука, овој Парламент да оди по оној редослед како се држат седниците. Да се закаже седница со сите закони и да се оди по редоследот. Ако има Уставната комисија свој предлог аз грбот, за знамето, за химната, се гласа, и се изгласува тоа, ние не можеме да избегаме од вистината, а тоа е дека симболите за кои се залага ВМРО-ДПМНЕ се вистинските.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веќе навлегуваме во една фаза во работа на Парламентот кој очигледно јасно, намерно не оддалечува од првобитната задача за што сме свикани на оваа седница. Излегов ка говорница да се обидам со сета моја скромност да дообјаснам, доста ситни работи, можеби и неважни, да ви биде јасно на сите пратеници парламентарната група на ПДП-НДП вршела максимални напори работата во Собранието да тече што е можно во најдобар ред и ние пратениците што е можно на најцивилизациски, најкултурен и методолошки најпристапен начин да се договориме за сите работи за кои длабоко сме убедени дека можеме да се договориме и за сите оние работи за кои сме морално 'и материјално врзани да се договориме. Тука се работи за следното: некој мисли дека пратениците на ПДП тука треба да се во функција да кренат прст. Ние го мислиме обратното. Методологија на работа на ова Собрание, не е тоа да биде ниту има потреба да биде така, туку да биде градење на една цврста методологија на потесна, подлабока соработка на сите парламентарни групи, на сите парламентарци, за сите наши заеднички интереси. Знамето, грбот и химната не е работа на ниедна

партија посебно, туку е работа на сите граѓани на Македонија, кој каде и да е, кој што и да е и подеднаква одговорност на сите 120 пратеници. Ако оваа работа вака ја сфаќаме,- тогаш од внатре зацврстени позиции, бетонирани не постојат, бидејќи не може да има договор.

На крајот сакам да ве убедам дека пратеничката група зад грб ништо не прави, туку се труди колку е можно, колку дозволуваат силите професионално да се работи во овој Парламент и да с држи контактот и редот. Спомнатото писмо е во таа функција. Прв човек кој на никому не му давам право да рече и дека повеќе негов претседател од мој , од тоа е дека е мој подеднакво, мора да биде професионално информиран на време, за тоа што мисли една парламентарна група, за тоа со што таа се согласува и со што не се согласува.

Другари пратеници, мислам дека ние дојдовме до една фаза на воспоставување на една методологија каде би било сосема не фер или неприфатливо еден без друг тука било што да одлучуваме. Ние начелно изградивме еден став дека во системските закони ќе одиме можеби бавно, можеби и штетно со задоцнување, но ќе побараме начин, возможност и методи во тоа да се согласиме сите.

Некој мисли дека е тоа колку важно дали ќе се сложи пратеничка група или не. Малку важно ќе биде кој за кого и да е ако нема аргументи, ако се работи за тврдоглавост, ако се работи за став кој апсолутно не може да се поткрепи, било со што може да биде здраво и издржано. Меѓутоа, ние тука мислам дека можевме да одиме и со знамето и со грбот, да се постигне разбирање. Дојде до химна каде начелно може и веќе е јасно дека има доста пропусти.

V/5

Почитувани пратеници, имавме конкурс за химна, а химната за која ние сега се определуваме не откривме ништо ново. Таа постоеше. Го знаеме тој историјата, некој ја знаевме и на памет, еден од нив сум и јас. Текстот целосно не го знам на памет. Ние формиравме комисии, дадовме конкурс, значи бараме нова. Што е тоа ново? Ново е тоа што ќе биде подемократско, посовремено од музички аспект, понавистина од текстот се разбира исто така. Ние сега доаѓаме до тоа, добиваме дневен ред на Собрание, без консултации, каде треба да се одлучиме т.е. да гласаме и за химната. Тоа е веќе нешто што отстапува од тоа што е наше. Сега госпоѓата Димитрова излегува со нешто што не е на дневен ред. Кога веќе претседателот објаснува дека е во тек за тоа, следат сите овие реакции. Намерата мене ми е сосема јасна, јас знам зошто тоа така се прави, но тоа не е мое со тоа да се занимавам, претседателот е должен и да интервенира и да објаснува и да дообјаснува. Тоа се професионални функции на било кој од нас од сите 120 пратеници таму да бидеме. На крајот треба и да се дозволи и да не се заборава дека е тој рамноправен со сите ка 120 и има право да даде свое мислење, бидејќи се уште е пратеник. Апелирам за тоа попрофесионално да се обидеме да работиме, покоректно, без однапред поставена цел, некоја група во случајот нешто да не се разбереме, да се обвини и да стане виновна. ПДП досега во оваа професионална работа не може да скоси одговорност. Повелете јас прифаќам договор уште сега, уште по седницата, во полноќ, наутро, без прекин, повелете конкретно да работиме. Не на говорница. Народот слуша, некој значи работи, другите не сакаат. Таа функција не ја прифаќам. Такви заложби туѓи се за нас, за мене лично и за пратеничката група.

V/6

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека немаме намера да појасниме, ниту пак се води овде некоја материјална расправа по законот, туку ова не му е првпат на претседателот на Собранието којшто постојано го обвинува и ВМРО и ПДП. Тој мора да знае дека ние не сме деца. Постојано велат дека ВМРО, а тоа го прави и министерот Фрчковски за жал што не е тука, па дека има проблеми во Парламентот и едно и друго и постојано вината да се фрла на други. Не е точно дека ПДП нема само усогласување со ВМРО, туку напротив и со неговата партија со партијата на претседателот, со таа партија ние имаме огромни проблеми. Доколку сакаме ние тој закон да го донесеме, можеме и без ВМРО да го донесеме, меѓутоа не сакаме, а ние сме толку наивни па ќе го прифатиме тоа што го кажа претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, како си дозволувате, јас никого не напаѓам. Ниту ПДП ниту ВМРО. Никого не напаѓам, само ги кажувам вистинските ставови. Зошто да ве напаѓам?. Никој не може да ве нападне доколку имате став. Си имате став каков имате и кој може да не нападне за тоа. Ве молам, четири состаноци кај вас се оврзани, Фрчковски ви објасни дека можете да се договорите. Не е точно дека не се консултирал. Еве и Џеладин Мурати може тоа да го каже, зошто сега за тоа да расправаме.

Да одиме на денешниот дневен ред. Молам, дали некој бара збор?

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

За денешната седница барам проширување на дневниот ред со една точка за разрешување на проблемот на Студенчица и распределбата на количините на вода по општините Кичево, Македонски Брод Крушево и Прилеп.

Ова го барам од проста причина што ваков проблем беше па на уште во текот на 1991 година. Оттогаш има поминато 18 месеци, а до ден денеска некоја посебна информација или заложба нема. Исто така на 8 јуни во писмена форма пратеникот Никола Апостоловски достави барање да се постави точка на дневен ред на 42-та седница со следната точка: Информација од Владата за преземените мерки околу регионалниот водовод Студенчица и распределбата на водата по корисници од општините Кичево, Македонски Брод, Крушево и Прилеп. Меѓутоа од претседателот на Собранието беше изнесено дека времето е многу кратко, Владата нема време да поднесе информација и останува за наредната седница. Меѓутоа поминаа и наредни седници, дојдоа и други, а од таа информација нема ништо. Инаку проблемот, не би рекол од ден на ден, туку од час на час ескалира и може да дојде до некои несакани последици. Имено, со овој проблем како тече времето запознати се сите политички раководители од Републиката, почнувајќи од претседателот на Републиката Киро Глигоров, претседателот на Владата, претседателот на Собранието и неколку ресорни министри. Меѓутоа, до ден денешен разрешување на проблемот нема, а проблемот од ден ка ден се влошува. Крајно време е денеска овој Парламент да ја прифати оваа точка како нова во дневниот ред да донесе соодветни заклучоци и да може тој проблем некако да го разрешиме.

Доколку не се постави оваа точка во дневниот ред, сметам дека може да дојде до многу несакани последици кој што можат да ескалираат во невидени размери, така да после на овој парламент да седнеме и да дискутираме, односно да формираме комисии и да кажуваме кој е виновен или не, нешто слично како во Куклиш, Радолиште или незнам каде. Затоа предлагам точката да се стави на дневен ред затоа што ова што го изнесов

е. од итна природа и јас сметам ако може да се стави како точка на дневен ред меѓу првите.

Инаку, посебно образложение би дал во текот на дискусијата, односно кога ќе се каже за самата точка дека f внесена во дневникот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Апостоловски како ја формулиравте точката да знаеме да заведеме.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

За оваа седница разрешување на проблемот со водоводот Студенчица и распределбата на водите по општини Кичево, Македонски Брод, Крушево и Прилеп.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека каже претставникот на Владата дали ќе ја разгледуваме оваа точка на дневниот ред или не, бидејќи како што знаете за секоја точка Владата дали може да даде информации или не, таа кажува и како што тогаш кажа претставник на Владата, а не Собрание, и сега треба да каже претставник на Владата. Што мислите за итноста ка оваа точка к дали сте во состојба да помогнете во нејзиното усвојување.

VI/1.- СП-ВБ

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во Владата беа организирани одредени разговори и денеска еден дел од Информацијата во врска со состојбите со овој систем исто така беа на дневен ред на седница на Владата. Организатор на контактите со претставници на четирите општини и на комуналните претпријатија во Владата беше колегата Андонов кој ги водеше тие разговори и денеска тој презентираше Информација пред Владата која Владата ја усвои како своја.

Ние денеска не сме во состојба таа информација да ја презентираме, затоа што беше за намените на Владата, а не и за намените во Собранието, па доколку се заклучи така веројатно од неа може да се направи употреба за да дојде во редовите на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Жута предлогот на дневен ред не е информацијата па вие дали можете да ја доставите или не, предлогот од господинот Апостоловски е разрешување на проблемите на Студенчица и утврдување на распределба на водите. Така е предлогот. Ако е така тогаш видете дали можеме денеска да добиеме таков предлог од Владата на оваа седница?

**БЕКИР ЖУТА:**

Не може денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Апостоловски.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Јас малку зачудено делувам и незнам како претставникот на Владата се осудува да каже дека не може денеска да се разрешува и дискутира за

тој проблем од проста причина што пред малку се спомна дека за тој"проблем Владата"дискутирала, дури" Владата даде свое мислење кое го испрати до Собранието на општина Прилеп во текот на вчерашниот ден што би значело разговарале, има донесено свое мислење во кое се содржани 7 точки. Што би било лошо да може денеска да се произнесат по тие свои мислења и да донесеме одредени заклучоци. Зошто се бега од еден проблем кој владее 10 години и кој воопшто смета дека овој проблем треба да се реши. Ако смета Владата дека овој проблем треба да остане меѓу општините и овој да остане општински проблем со тоа што ќе се влошат и онака влошени состојби и ќе предизвикаме некои несакани последици, тоа е сосема нешто друго. Јас мислам дека местото е овде и Владата требаше до сега овој проблем да го реши, а не да одбива да се дискутира и да се бара решение.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Прво сметам дека Собранието не може да го реши овој проблем и со сета добра намера мислам дека погрешно е поставено прашањето на дневен ред. Овој проблем Собранието го има решено и во овој и во изминатиот состав со донесување на одлуки, закони за водостопанска дозвола за распределба, проблемот лежи во извршната власт. Денеска треба да стане збор за одговорност на оние кои не ги спроведуваа законите и одлуките на ова собрание, а не Собранието да го разреши овој проблем. Собранието нема такви овластувања, не може да ги разрешува ваквите проблеми конкретно и непосредно. Тоа ги разрешува со донесување на акти кои ја регулираат материјата Според тоа сметам дека на ова Собрание и кога би се уврстило на дневен ред не може да се донесе ништо попозитивни одлуки од оние кои ги имаме, а кои, исто така, доколку се почитуваат ќе го

VI/3.-

разрешат проблемот. Проблемот со водоснабдувањето на четирите општини е толку. голем што денеска Прилеп- 80% од населението нема вода. Барањето на општината Прилеп, Крушево и Македонски Брод овој проблем еднаш за секогаш да се симне од дневен ред, се упатува до извршната власт, до Владата на Република Македонија, до надлежни': министерства кои треба да воспостават ред, кои треба да кажат дека во оваа Република има правна држава и не може секој да си зема за право да изигрува фактор со кого државата треба да разговара за разрешување на одредени проблеми и да се јавува како газда на одреден извор или некое општо добро. Во ова е проблемот. Јас незнам како треба да се формулира и незнам дали воопшто треба да се дискутира многу долго на ова Собрание. Ова Собрание едноставно треба да усвои одредени заклучоци и да упати критика до надлежните министерства, до Владата со која ќе ги натера веднаш да пристапат кон разрешување на овој проблем и воспоставување на ред во овој проблем, а не да расправаме, а бидејќи нема во Македонија кој не знае колкав е овој проблем, зошто е и како е. Овде станува збор за чист инает и ништо друго. Вода има дел од таа вода се прелева во коритото и незнам почитувани пратеници дали постои во светот религија или луѓе кок не веруваат во никаква религија, кои забрануваат вода на други граѓани. Јас незнам дали тоа може на друго место да се случи освен кај нас.- Затоа државата треба да биде газда на она што навистина е газда и таа да го воспостави тој ред а не да дозволи месна заедница да се појавува како фактор со кого државата е таа која мора да преговара и да подлегнува на она што месната заедница го бара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Борис Ѓорчески.

VI/4.-

**БОРИС ГОРЧЕСКИ:**

Овој проблем долго години е присутен. Една од несаканите последици што може да биде, не го кажа тоа господинот Апостоловски, што верувале или не се појави пред година две епидемија на жолтица во Прилеп. Таа последица е навистина толку несакана што остава тешки последици. Ако уште еднаш во Прилеп се појави таква епидемија тогаш ќе се запрашаме како Парламент зошто го допуштивме тоа, зошто не потегнавме некои конкретни решенија. Јас велам тоа е должност на Владата да ги разреши тие проблеми, но кој е тој што може да ја натера Владата поради итноста на овој проблем да се позабави што поскоро, а таа епидемија од ден на ден почнува да владее во прилеп.

Тука има некои заклучоци кои гласат, незнам дали пратеникот Џаферовски ги прочитал или не.

Собранието ја задолжува Владата да изврши мерење на изворот Студенчица и да изврши распределба на водената количина за која општината поодделно спрема водостопанската дозвола, а важноста на водостоланската дозвола да се продолжува редовно во законскиот рок.

Собранието, исто така ја задолжува Владата во содејство со надлежните министерства, јавното претпријатие "Студенчица - Злетовица" да изврши физичко обезбедување на регионалниот водовод "Студенчица" и разделната градба во селото Другово, да ги доведе во исправна состојба мерачите на водените количини за секој потрошувач одделно, а таму каде истите не се поставени да се постават и редовно да се контролираат.

VI/5.-

Трето, овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија, надлежните министерства, јавното претпријатие "Студенчица - Злетовица".

Ми се чини дека треба малку да се позабави овој собир што е избиран од граѓаните, како што беше случајот со Велес итноста за проблемите кои се јавија од загаденост истото сега се случува и во Прилеп. Ние веќе почнавме да ги занемаруваме човечките животи односно човечкото здравје. Затоа бараме итно разрешување на овој проблем, а Владата може да има само од овде некакво одобрување за овие заклучоци да може да ги спроведува. Ако пратеникот Алил Џаферовски живее на село и не го интересира толку за Прилеп, тоа е негов проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлог е да се уврсти на дневен ред точка која точно господинот Апостоловски ја формулира. За тоа дискутираме.

За збор се јави господинот Вецко Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, ова Собрание и претходното Собрание оваа иста сала толку го исполитизра тој проблем што и ден денеска не може да се реши. Јас сметам дека без никаква информација од страна на Владата која треба да ни даде конкретни заклучоци и конкретно за што треба да дискутираме ние, јас мислам дека оваа точка не би требало да влезе на дневен ред денеска, затоа што стихијни ќе бидат разговорите онака како знаеме и умееме. Никогаш нема да бидат точно конкретизирани онака како што треба да бидат односно да се реши овој проблем барем овој Парламент да најде соодветно решение. Според тоа, пак повторувам,

точката на дневен ред без информација од Владата јас мислам дека не треба да се стави на дневен ред.

**НИКОЛА. АПОСТОЛСВСКИ:**

Се согласувам со претходниот дискутант кој рече дека треба да има информација а јас напомнав дека уште на 8 јуни е доставено барање до Владата да даде информација. Мое сознание е дека министерството кое е надлежно да даде информација ја има доставено до Владата, меѓутоа, до ден денеска информацијата не е стигната пред пратениците за која може да се дискутира. Напоменувам и тоа дека во меѓувреме за разрешување на проблемот склучен е договор во кој учествуваше и Владата . не би сакал сега да навлегувам во ситници, меѓутоа, морам да го кажам дека Владата кумуваше на некој договор со тоа што Владата си дозволи да прави договор со една месна заедница. а потписник на тој договор е Јавното претпријатие "Студенчица - Злетовица", претставник на Владата од Министерството за стопанство и Месната заедница село Добреноец. Ве молам, договор за разрешување на проблемот за водата на регионалниот водовод кој се опслужуваат преку 200 илјади жители дојде да потпишува една Месна заедница со 113 жители. Каков парадокс. Владата дозволи да си земе за право да дискутира со месна заедница. И покрај сите пропусти во тој договор, не сакам да го цитирам, а инаку го имам, ние останавме да го почитуваме, меѓутоа, се со цел да се разреши проблемот. Ако чекаме таа информација да стигне, а кога немаме сознание, а проблемот да го ставиме така не би рекол и затоа барам денеска да се дискутира и по договорот и по милењето што го доставила Владата бидејќи и денеска се дискутирало, а имаше состанок  и со потпретседателот Јован Андонов , може денеска да

се каже она што е најбитно и да се разреши проблемот. Тоа разрешување да биде со одреден број часови, а не месеци. Со максимална можност во рок од 24 часа да се реши. Јас пак апелирам доколку не се реши во овој временски период сигурен сум дека на наредната седница ќе дискутираме за сосема нов случај, но кажувам дека ќе биде доцна.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не е ни чудо Кичевчани и Прилепчани што не можат да се разберат кога претседателот на Собранието не можеше да се разбере со премиерот во оставка за да ја закаже седницата на време во 15 часот, затоа што во исто време беа закажани седниците на Владата и Парламентот. Меѓутоа, јас мислам дека од овој Парламент не можеме, како законодавно тело, да направиме она што беше порано направено со Вевчанскиот случај. Мислам дека ако треба нешто во овој Парламент тогаш треба да го решаваме прашањето на одговорност. Не можеме да ги отвораме и затвораме вентилите на Барбарос. Дали во спроведување на одлуките на тоа јавно претпријатие некој одговара или не. Мислам дека за тоа треба овде да разговараме, а не да расправаме кој треба да ги отвора вентилите на Барбарос.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, излегов да кажам само дека изворот Студенчица се наоѓа во Кичево. Заради објективност во јавноста должен сум да речам и тоа дека овој проблем е исполитизиран до крај. За нас Кичевчани не се чувствуваме добро пред јавноста бидејќи не третираат

како нехумани и несолидарни луѓе. Меѓутоа, градот Кичево се докажал со својата хуманост и солидарност, но за жал во овие моменти мислам дека вишок вода за другите општини нема, бидејќи во Кичево во северниот дел од градот имаме над 20 илјади жители кои се горат во оваа топло време за вода за пиење. Меѓутоа, ако се стави на дневен ред веројатно ние, пратениците од Кичево, аргументирано пред јавноста ќе истапиме од оваа говорница, меѓутоа, се придружувам на колегата Вецко Личоски оваа тема да не биде ставена на дневен ред без информација од Владата, бидејќи и од Владата имаме такви сознанија кои велат дека отидовме во Добреноец токму во времето кога имаше најмногу вода и изгледа дека го изманипулиравме населението во село Горно Добреноец.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека никој не е изманипулиран, а дека се манипулира целата јавност, целата држава бидејќи системот Студенчица опслужува некаде околу 200 илјади жители. Јасно е дека стои некој од политичарите зад сето тоа, нормално. Јас би го спомнал само, по излагањето на колегата Сулејмани, договорот што е потпишан помеѓу Владата на Република Македонија, Месната заедница село Добреноец, Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица - Злетовица". Тој договор е потпишан на 10 јули 1992 година кој се состои од 8 члена. Во истиот договор во членот 5 стои: "Месната заедница се обврзува да обезбеди услови за непречена работа на сите овластени органи и организации со регионалниот водовод "Студенчица" доколку се исполни членот 4 од овој договор кој член е исполнет.

VI/9.-

За ден - два јавното претпријатие со својата е спречено од жителите на село Добреноец кои се потписник на овој договор да изврши мерење за правилна распределба на водата а во рамките на Законот. Јас незнам кој е манипулиран а кој не во тој договор. Во договорот во членот 2 стои дека се издвојуваат 15% во полза на Месната заедница Добреноец од 120 жители која би имала буџет поголем од еден град од 100 илјади жители. Овој договор е на штета на Прилеп кој ние го прифаќаме Прилеп и другите за разрешување на овој проблем за доброто на сите, за доброто на 200 илјади жители од Прилеп, Кичево, Крушево, без проблеми за да не дојде до несакани последици, бидејќи некој што ја мати оваа работа води кон дестабилизација на Републикава и влошување на безбедносната состојба.

VII/1/ПЈ/лј

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Јас мислам дека оваа точка треба да се стави на дневен ред. Ние тоа го бараме бидејќи народот нас не избрал, народот со нас контактира, народот не контактира со Владата. На народот му треба вода која ја нема. Исто така, да Ви напоменам дека моментално во болницата има неколку деца кои се заразени од заразна жолтица, кои се болни и дали сега треба тој број да се зголеми. Водата е секој ден се помалку, па дали треба да дадеме жртви, па некој да се сети овде да дава, или ние имаме информации колку сакаме, одлуки имаме колку сакаме Договор имаме од пред 10 дена. Ние, бараме само да се спроведе договорот или таа информација или законот во рамките на законот. Бидејќи количината на водата во овој момент е доволна за сите општини. Од 1160 литри од последните мерења вода се користи за Кичево со 30 или 35 илјади жители, 200 литри на секунда. Осломеј на 160 литри во секунд Прилеп, 170 литри со 100 илјади жители. Потоа, 600 литри одат во Треска во Вардар и таму во Грција ги наводнуваат бостаните. Во Прилеп има заразени деца од заразна жолтица. Мислам дека потребата е многу голема и дека оваа точка треба да се стави на дневен ред и да биде како прва точка на оваа седница. А Владата како и досега информации што спремала набрзина и итно таа не е проблем да ја спреми, дали со информација или без информација таа точка треба да се стави на дневен ред, бидејќи нема што повеќе ниту ова Собрание, ни Владата да носи. Треба само да се спроведе членот 7 п 8 од овој договор во кој стои "на овој договор дава согласност Владата на Република Македонија". Тоа е член 7, а член 8 гласи "овој договор е составен во 6 еднообразни примероци од кои 2 за двете договорени страни". Всушност, член 6 "месната заедница ќе ги користи средствата по член 2 од овој договор согласно програмата усогласена со Владата на Република Македонија". За овој договор Владата дала согласност.

VII/2.-

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Почитувани пратеници Владата во врска со овој проблем беше прилично ангажирана и можам да Ви претставам што таа се направи во врска со тоа, доколку ова прашање биде поставено на дневен ред денес на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата прифаќа да биде поставено на дневен ред прашањето Тоа е изјавата на господинот Лепавцев. Претходно имавме друга изјава од потпретседателот, меѓутоа пратениците нека го имаат тоа предвид.

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Предлогот на господинот Апостоловски, молам кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

52 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (13).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека дневниот ред го дополнивме со прашањето на разрешување на проблемите во водоводот Студенчица со разрешување на распределбата на водите.

**ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Денес по точка 9 во решението на претседателството беше ставена точката Информација за производството, пласманот на земјоделското производство со акцент на раноградинарство. Меѓутоа, поради моја грешка, отсутност во моментот точката не е ставена на дневниот ред, поради тоа што е изгласана п не инсистирам да биде на денешната седница ставена на дневниот ред, но инсистирам на првата наредна седница да биде ставено на дневниот ред, поради тоа што проблемите во земјоделството и натаму се доста отежнати, така што ќе се најдеме во состојба, да не можеме да ги добиеме оние приноси од реколтата за 1992 година, како и сеидбата есенска за 1993 година што треба да ја добиеме. Поради тоа барам да биде Информацијата

проширена, со опфатна за земјоделството, почнувајќи од производството, пласманот, кредитирањето, каматните стапки, снабдувањето со нафта, снабдувањето на резервни делови и други материјали, при: преработувачки капацитети во земјоделството, целосна информација со финансиските ефекти од продадените производи. Барам за прва наредна седница да биде уврстена, не на 31 јули, туку по 31 јули на прва седница да биде ставено на дневен ред.

**ДИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано пратеници, предлагам да се уврсти дневниот ред точка разгледување на последиците настанати од невремето што го зафати Радовиш на 23 јули и донесување на мерки за ублажување на штетите. Имено, на 23 јули Радовиш го зафати невреме со ветер, со орканска силина, град п дожд. Од ова невреме зафатена е половината општина, па половината земјиште од радовишкиот Атар, оштетени се многу куќи, разоткриени, навлезено вода, поплавени, така што многу е голем бројот на семејствата што се оштетени со повеќе милиони денари. Затоа, предлагам и Владата сугурено ќе помогне да се формира Комисија да можат да се оценат овие штети. Инаку, во Радовиш во Собранието се формирани повеќе комисии и веќе се бележат овие штети. Исто така, сакам уште еднаш да потсетам веќе е по трет пат, Комисијата бидејќи беше предложена за известување на штрајкот пред кругот на Јака во Радовиш, сеуште нема доставено материјали и ова сакам за наредната седница задолжително да се стави на дневен ред. Без разлика дали Комисијата ќе ги предложи дадените документи претседателството на Собранието да ја стави точката неодложно.

VII/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

За првото прашање за Радовиш Владата дали има нешто да каже ?

**ФАИК АБДИ:**

Ја поддржувам иницијативата од колегата пратеник од Радовиш и мислев дека треба да се дополни таа информација и со комисија и со членовите на Владата и за состојбите во Куманово со невремето и за состојбите во градот Штип каде што «з гореа многу куќи и луѓето останаа надвор под ведро небо. Иста Комисијата за сите три работи заеднички да работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата има нешто да каже.

**БЕКИР ЖУТА:**

Би молел, сепак, да донесете заклучок, ова е проблематика која е во надлежност на Владата, а Владата во овие ситуации има посебна методологија пропишана за процена на штетите, па врз база на тоа треба да утврди материјална основа и извори за обезбедување на тие штети. Мислам дека не би требало на овој начин да утврдувате на дневен ред, туку задачите да одат по ној ред како што треба да одат кај надлежните органи, а тие да излегуваат со извештаи. Ако дојде до тоа да треба и со закон да се уредува материјата откако се ќе се спроведе, тогаш веројатно и предлог на закон ќе ви се презентира, но немојте на овој начин.

**ДИМЕ АНДОНОВ:**

Бидејќи штетите се големи го исполнуваат условот на законот за прогласување за елементарна напогода, јас би сакал да се обврзе Владата, ова Собрание да ја обврзе за да не информира после оценетите штети п преземуените мерки за отстранување на штетите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, со закон Владата е задолжена тоа да го стори и нека се сфати дека Владата што побргу треба да ги процени штетите. Тоа значи сите штети кои што настанале дали се во оние критериуми кои што спаѓаат по законот.

Дали уште некој друг има предлог за дополнување на дневниот ред?

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, со оглед на не само формалното, туку и суштинско значење на точката 7 ако не се лажам која ја формулиравме денес на дневниот ред во работата на Собранието во врска со одлуката за стапување н а Република Македонија во членството на Организацијата на Обединетите нации, предлагам таа точка до колку расправаме сеуште ако денес не ја прекинеме седницата да биде прва точка на дневниот ред а со тоа денес нешто и да сработиме. Ако се прекине седницата, тогаш утре таа да биде прва точка на дневниот ред, а после да тече како е законот за сметководство итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот се однесува на редоследот.

Дали се прифаќа овој предлог? (Се прифаќа).

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

По се изгледа дека јас сум последен п јас сакам да поставам едно прашање за дневниот ред. Го молам Парламентот да прифати на дневен ред да ,се постави одговорот т.е. информацијата околу писменото обраќање на Алојз Мок до македонската Влада околу признавањето и промената на името,како и разговорите што беа водени од страна на

VII/6.-

македонското раководство со специјалниот пратеник на Алојз Мок овде во Скопје, а јавноста ништо не знае. Како образложение би рекол во дадениот клучен историски момент во Македонија кога се решаваат основните внатрешно - надворешни прашања е од огромен економски, политички интерес, вклучувајќи го п процесот на формирањето на новата Влада, а посебно штетите кои настанаа околу отворениот судир помеѓу професор Васил Тупурковски од една страна и господинот Стојан Андов од друга страна, кој произлегуваат од изјавите ан господинот Тупурковски и соопштението на извршниот одбор на Реформските сили - Либерална партија на телевизија и во "Нова Македонија". Сметам за неопходно да се стави на дневен ред погоре споменатата информација од каде очекувам овој парламент и целата македонска јавност конечно да биде запозната со вистината и процесите на демократијата кој некој ги кочи, треба да се дознае.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да го прифатиме предлогот за ова да добие Парламентот информација. Инаку, господинот Ристо Јованов му замерувам за тоа како може да зборува за некои судири помеѓу мене и господинот Тупурковски. Јас немам никаков судир ниту со Тупурковски, ниту со било кој друг.

Дали се согласувате тоа да влезе во дневниот ред? (Се согласуваат).

Дали уште некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам едно прашање кое се однесува на спроведувањето на законот за царинската управа. Предлагам да се стави точка на дневен ред Одлука за именуваше директор п заменик директор на Царинската управа. Законот кој за царинската управа, образложение

Законот за царинската управа во ова Собрание го донесе на својата седница од 14 април о.г. објавен во "Службен весник" број 25 од 20 април, со ден на влегување во сила 28 април.

Во членот 16 во преодните и завршните одредби е утврдено дека царинската управа ќе се основа најдоцна во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Тоа значи дека последниот ден за основањето на царинската управа на Република Македонија е денешниот ден 28 јули. Со оглед на тоа што во член 7 директорот за царинската управа го именува п разрешува Собранието на Република Македонија, а во член 8 исто така на директорот на царинската управа на Собранието на Република Македонија му именува заменик, сметам дека треба да се стави оваа точка на дневен ред, а надлежното работно тело и претседателството на Собранието да дадат информација зошто за овие три месеци воопшто не е поведена постапка во надлежните работни тела на Собранието за именување директор и заменик директор на царинската управа, имајќи ги предвид ингеренциите кои што директорот по службена должност согласно одредбите по службена должност мора да ги утврди и соодветните акти да ги донесе за да истата ги извршува своите работи утврдени со законот за царинската управа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние тие точки ги ставаме не да расправаме за нив, туку да одлучиме и тоа под таквите точки предлог ни дава Комисијата за избор и именување. Бидејќи немаме подолго време, сакам да ве информирам дека со писмо се обратив до претседателот на Комисијата да по- барам, има еден месец и повеќе, да се побрза со таа постапка, но се уште немаме одговор.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Оваа обврска неспорно е дека е во надлежност на Собранието на Република Македонија, меѓутоа, Стручната служба за евиденција на кадри

во Република Македонија, е организационо врзана во рамките на Владата. Ние наредниот ден од оваа обврска од усвојување на закон се обративме, во моментот го немам датумарот се обративме до евиденцијата на кадри да ни предложи за директор и за заменик. Истото се однесува за македонската информативна агенција. Исто така и со ургенции се обративме и немаме никаква иницијатива, ниту предлог. Јас го известив претседателот на Собранието дали ние евентуално треба самостојно тоа да го разрешиме, бидејќи Владата на реагира на ова наше барање од Комисијата за избор и именување. Постапката тука е запрена и сметам како и по другите постапки за избор и именувања, ние на тој начин се обративме. Ова треба да го сметаме како ургенција, а нема потреба од посебна точка на дневен ред, бидејќи треба и соодветен материјал. Сметаме дека во рамките на Собранието ова за наредна седница ќе го разрешиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Тодор Петров го повлекува предлогот.

Ако нема натаму предлози за дневниот ред, тогаш предложениот дневен ред со тоа што ви го прочитав л Студенчица и овој предлог на господинот Јованов да се уврстат.

Молам, кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека го усвоивме дневникот ред.

Според тоа за денешната седница е утврден следниот дневен ред:

(ПРИЛОГ)

# ДНЕВЕН РЕД

## за Четириесет и шеста седница на Собранието на Република Македонија

1. Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членство на Организацијата на Обединетите Нации;

2. Предлог на закон за сметководство;

3. Предлог за донесување на закон за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за емисија на административни и судски таксени марки, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за височината на стапката на затезната камата, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката, со Предлог на закон;

8. Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1991 година;

9. Предлог на одлуки за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово;

10. Извештај за реализираните средства по Законот за обезбедуваше на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово и нивно користење;

11. Предлог на одлука за именување секретар на Собранието на Република Македонија;

12. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Радио дифузното претпријатие Македонска Радио Телевизија;

13. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни 1гри и песни "Танец"- Скопје;

14. Предлог на одлуки за разрешување судии на Општинскиот суд Скопје II -Скопје;

15. Предлог на одлука за разрешување судија на Општинскиот суд Струмица;

16. Предлог на одлука за потврдување на Статутот на Републичкиот завод за вработување - Скопје;

17. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Централното основно училиште "Ристо Шуклев" село Негорци- Гевгелија;

18. Информација за состојбите во врска со водоснабдувањето од системот Студенчица;

19. Информација за писменото обраќање на Алојз Мок до Владата на Република Македонија за признавањето и промената на името, како и разговорите што беа водени од страна на македонското раководство со специјалниот пратеник на Алојз Мок во Скопје

Предлагам да прекинеме со работа а ќе продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,5 часот).